| | |
|---|---|
| **НАСЛОВ НА АКТИВНОСТА** | **Реставрирање на мебел**   |
| **ЦЕЛИ НА АКТИВНОСТА** | • Научете ги вештините потребни за да им ја вратите старата слава на прекрасните парчиња мебел и антиквитети |
| **МЕТОД(И) НА ОБУЧУВАЊЕ** | • Теоретска обука<br>• Практична обука<br>• Обука базирана на видео |
| **ВРЕМЕ/ВРЕМЕТРАЕЊЕ** | • 12 часа поделени во неколку дена |
| **ГОЛЕМИНА НА ГРУПАТА** | • 6 до 8 учесници |
| **ПОДГОТОВКА (НА СРЕДИНАТА) И ПОТРЕБНИ АЛАТКИ** | • Парче стар мебел<br>• Работни ракавици<br>• Маска за прашина<br>• Четки за бојадисување<br>• Хемиски отстранувач на боја + соодветно средство за чистење<br>• Фина хартија за брусење (шмиргла)<br>• Боја за дрво<br>• Завршен лак за дрво<br>• Восок за полирање за дрво<br>• Крпа за дрво од микрофибер |
| **ОПИС** | Како да го реставрираме стариот дрвен мебел - ако сакаме да го реновираме стариот дрвен мебел и да го направиме како нов, ќе мора да следиме неколку важни чекори. Дрвениот мебел често пати го губи сјајот поради таложењето на нечистотија што ја избледува неговата боја. На повеќето од |

Проект бр. 2022-1-BG01-KA220-ADU-00008516

Финансиски поддржано од Европската Унија. И покрај тоа, искажаните ставови и мислења се исклучиво на авторот(ите) и не нужно ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту ЕАЦЕА/EACEA не може да се сметаат за одговорни за искажаното

Co-funded by the European Union

| | |
|---|---|
| | нас ни се случило да се прашуваме што да правиме со стариот мебел - да го фрлиме, да го подариме некому, да го изгориме или да го реставрираме.<br>За среќа, реставрацијата на дрвениот мебел не е многу сложен процес, а подолу ќе се обидеме да ви ги објасниме сите потребни чекори. Со овој процес ќе заштедиме пари со тоа што нема да мораме да купуваме нов дрвен мебел, и второ, ќе чувствуваме големо задоволство од фактот што самите ние сме направиле нешто ново и убаво од старото и ветво парче мебел.<br><br>**Чекор 1 - Чистење на дрвото и отстранување на старата боја**<br>Чистењето на дрвениот мебел и отстранувањето на старата боја е прилично непријатна и валкана работа. Но, тоа е клучно за обновување на дрвото. Доколку е можно, најдобро е оваа задача да се изврши надвор, на отворено. Ако работиме во затворен простор, корисно би било да се обидеме да го заштитиме подот и останатиот мебел во близина, а исто така да обезбедиме и добра вентилација.<br>Во оваа фаза, нашата главна задача е да ги исчистиме со стругалка или друг соодветен уред сите слоеви на нечистотија и масноти. Потоа, со помош на четка го нанесуваме отстранувачот на боја и лакови, следејќи ги упатствата на производителот. Ако дрвото некаде е изедено од дрвен црв, мора да нанесеме безбоен инсектицид за да го заштитиме.<br><br>**Чекор 2 - Остававме да се растворат старите слоеви**<br>За добар резултат при чистење на дрвото, оставете го растворувачот да делува помеѓу пет и 30 минути додека не се раствори стариот слој на боја. Должината на времето зависи од составот и дебелината на слојот. Доколку растворувачот не ги отстранил сите слоеви, повторно нанесуваме и оставаме да делува.<br><br>**Чекор 3 - Неутрализација на хемискиот растворувач**<br>Треба да го неутрализираме растворувачот користејќи неутрализатор, следејќи ја текстурата на дрвото. Пред да ја употребиме соодветната хемикалија, мора внимателно да ја прочитаме етикетата, бидејќи на различните растворувачи (отстранувачи на стара боја) им требаат различни |

Проект бр. 2022-1-BG01-KA220-ADU-00008516

Финансиски поддржано од Европската Унија. И покрај тоа, искажаните ставови и мислења се исклучиво на авторот(ите) и не нужно ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту ЕАЦЕА/EACEA не може да се сметаат за одговорни за искажаното

Co-funded by the European Union

| | |
|---|---|
| | неутрализатори. Ако не го отстраниме растворувачот, постои можност тој повторно да се активира, што ќе ја онеспособи реставрацијата.<br><br>**Чекор 4 - Пополнување на гребнатинки и зацврстување на разлабавените делови**<br>Следниот чекор за подобрување на мебелот е да ги отстраните гребаниците со памучна крпа натопена во разреден лак или стопен восок. Ако имаме скршени или лабави делови, сега е време да ги поправиме со помош на лепак за дрво или монтажен лепак. Доколку има поголеми дупчиња мораме да ги наполниме со дрвен кит или епоксидна смола, користејќи мала шпатула. Потоа оставаме мебелот да се исуши 24 часа.<br><br>**Чекор 5 - Брусење на дрвениот мебел**<br>Во овој чекор, треба да ја избрусиме целата дрвена површина со многу фина брусна хартија. Фината брусна хартија ја ставаме на мало парче дрво и со лесни движења поминуваме секаде. Ако има можност, можеме да користиме и машина за брусење. Можеме да користиме и челична волна, која е многу ефикасна за реставрација на стариот мебел. По завршувањето, насобраната прашина ја отстрануваме со четка или мала метла. На крај се поминува со малку навлажнета памучна крпа.<br><br>**Чекор 6 - Површинско тонирање**<br>Кога обновуваме стар мебел, често има избледени области. Затоа, мора насекаде да нанесеме лак за дрво или соодветно минерално масло за на тој начин да ја изедначиме бојата. Нанесете обилно со четка и почекајте течноста да навлезе во дрвото. На крај вишокот лак го лупиме со чиста крпа, а движењата треба да ни бидат лесни.<br><br>**Чекор 7 - Подобрување на сјајот**<br>Откако ќе се исуши дрвената површина, нанесуваме слој од завршниот лак со помош на четка или мазна крпа. Го оставаме течниот лак да навлезе во дрвото 10 минути и го бришеме вишокот пред да стане леплив. Чекаме најмалку 5 часа и внимателно ја поминуваме површината со челична волна пред да нанесеме уште еден слој. |

Проект бр. 2022-1-BG01-KA220-ADU-00008516

Финансиски поддржано од Европската Унија. И покрај тоа, искажаните ставови и мислења се исклучиво на авторот(ите) и не нужно ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту ЕАЦЕА/EACEA не може да се сметаат за одговорни за искажаното

Co-funded by the European Union

| | |
|---|---|
| | **Чекор 8 - Конечна обработка на дрвото со восок за полирање**<br>На крајот, внимателно нанесуваме тенок слој восок за полирање, добро распоредувајќи го по целата површина на дрвото. Чекаме најмалку еден час и полираме со крпа без влакненца. |
| **МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ ПРЕДЛОЗИ ЗА КОРИСТЕЊЕ** | • Дома, во дворот итн. |
| **СОВЕТИ за понатамошно читање и гледање** | За повеќе информации и малку инспирација, можете да ги посетите следните линкови:<br>• https://www.youtube.com/watch?v=TdBMaNcuzPA (Како да реставрирате мебел: водич за почетници)<br>• https://www.youtube.com/watch?v=pT2oM84Qg8k (Основни принципи - Пред да започнете \| Реставрација на мебел)<br>• https://www.youtube.com/watch?v=f9LUdj9i_8E (зад бојата се криеше прекрасно дрво) |
| **НИВОА И РАЗНОВИДНОСТ** | Доколку е можно, вежбата треба да се прилагоди на локалниот, домашен контекст. Погрижете се одлучно да им пристапите на осетливите теми. |

Проект бр. 2022-1-BG01-KA220-ADU-00008516

Финансиски поддржано од Европската Унија. И покрај тоа, искажаните ставови и мислења се исклучиво на авторот(ите) и не нужно ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (ЕАCEA). Ниту Европската Унија, ниту ЕАЦЕА/EACEA не може да се сметаат за одговорни за искажаното

Co-funded by the European Union